FOMKUD

PO Box 1171 Lalor VIC, 3075
http://www.fomkud.org.au
fomkud@makmail.com

ABN: 82 596 735 169
INC №: A0032413H

FEDERATION OF MACEDONIAN CULTURAL AND ARTISTIC ASSOCIATIONS OF VICTORIA INC.
**ФЕДЕРАЦИЈА ОД МАКЕДОНСКИТЕ КУЛТУРНО УМЕТНИЧКИ ДРУШТВА ОД ВИКТОРИЈА**

## Македонците во Мумба Парада
Петок 17 Март 2006

После неколку годишна пауза, оваа година успеавме да ја представиме македонската заедница на парадата “Мумба” за да оставиме навистина добар впечаток меѓу сите други националности.

Учествуваа фолклорните групи од Федерацијата од Македонските Културно Уметнички Друштва од Викторија (ФОМКУД). Посебно задоволство на сите нас ни беше учеството на гостите, членовите на “КУД Кочо Рацин” и групата “Мајовци” од Македонија, кои ни помогнаа да се здружиме сите и да создадеме прекасна атмосфера.

Многу подруга парада од било која досега. Играорците неуморно, весело играа до крај сплетови од македонскиот фолклор. “Мајовците” го затресоа Мелбурн, музиката, зурлите и тапаните ги потиснуваа сите други звуци, се слушаа само тие, просто речено земјата се тресеше. И колку голем впечаток оставивме на народот што не гледаа.

Се слушаа аплаузи, извици на народ кои не поткрепуваа и не поздравуваа. Им благодариме на сите нив со здружени сили од мене Пеце Силјановски како секретар, Стојан Симјаноски како претседател, Тоде Миленковски како благајник, кореографката Дијана Неделковска со помош од Сузе Петкоска сите од “ФОМКУД” успеавме да создадеме незаборавна глетка.

Голема благодарност до сите учесници од “ФОМКУД”, до гостите од “КУД Кочо Рацин” од Македонија и специјална благодарност до групата “Мајовци” пак да дојдат и пак сите заедно да го затресеме Мелбурн.

За повеќе информации и фотографии посететеја интернет страницата на http://www.fomkud.org.au

Пеце Силјановски
Секретар
Македонските Културно Уметнички Друштва од Викторија (ФОМКУД)
http://www.fomkud.org.au
Mob. 0425821634 (+61425821634)